# КОЛКАВО Е НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## кај јавните институции во РСМ во 2020 година

### *Што треба да преземат институциите за да го подобрат нивото на реактивна транспарентност?*

**1.** Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да спроведе истражување со цел да ги процени причините поради кои имателите на информации од јавен карактер молчат, а врз основа на наодите да изработи и да спроведе план за надминување на овој многу значаен проблем.

**2.** Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да ги утврди причините поради кои имателите на информации од јавен карактер не успеваат да го испочитуваат законскиот рок и не успеваат да дадат одговор по поднесени барања, а врз основа на наодите да развие и да спроведе план и да воспостави механизам со кој ќе се осигура почитувањето на законски утврдениот рок.

**3.** Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во соработка со Владата на РСМ да развијат и да стават во функција електронска платформа за поднесување на барања и жалби, како и добивање на одговори. Во таа насока за да се олесни текот на постапките, да се елиминираат сите административни препреки, вклучително и електронскиот потпис.

**4.** Сите институции што се оценети како нереактивно или пак делумно реактивно транспарентни за да го подобрат своето постапување и својата оценка, потребно е да водат сметка за исполнување на законски предвидениот рок во кој ќе обезбедат информации, ќе одговорат на сите поднесени барања и ќе ги обезбедат сите барани информации.

**5.** Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да им помогне на јавните институции кои немаат промена на нивото на реактивна транспарентност во изминатите четири години (кои во периодот 2017 - 2020 година останале нетранспарентни или делумно транспарентни) во насока на идентификување на проблемите со кои овие институции се соочуваат во континуитет и заедно со нив да развие и да спроведе план за нивно надминување.

## I. ВОВЕД

**РЕАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ** претставува обезбедување на информации за работењето на јавните институции преку постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер, кои се законски уредени и регулирани.

Иматели на јавни информации се сите органи на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, Градот Скопје и општините во градот, установите и јавните служби, јавните претпријатија и сите правни и физички лица коишто вршат јавни овластувања, утврдени со закон. Во определен законски рок, секој носител на јавни информации има должност да одговори на барањето во постапка за слободен пристап до информации и сите документи што не се јавно достапни а се во интерес на барателот, да ги обезбеди.

**Целта на оваа анализа** е да го прикаже начинот на постапување на опфатените јавни институции при спроведување на постапки иницирани преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2020 година наспрема претходните три години, како и да им овозможи да ги воочат клучните слабости и предности во нивното работење. Односно, со оваа анализа правиме споредба на нивото на постапување кај различни институции со цел да поттикнеме меѓусебно учење и споделување на добри практики. Приказот на состојбите низ годините има за цел да го прикаже степенот на напредок или уназадување кај институциите. Освен тоа, оваа анализа дава и препораки за начинот и можноста за унапредување на нивото на реактивна транспарентност и подобрување на квалитетот на информациите што тие ѝ ги презентираат на јавноста, односно на барателите на информации.

Во текот на 2020 година, нивото на реактивна транспарентност го оценувавме кај вкупно 48 јавни институции (здравствени домови, општи болници, клиники, клинички болници, центри за јавно здравје, институти, Фонд за здравствено осигурување на РСМ, министерства, АВРСМ, Централен регистар на РСМ, итн.), а врз основа на вкупно 780 постапки за пристап до информации од јавен карактер.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата на постапките е направена по пат на оцена на транспарентноста на секоја институција од аспект на осум параметри и тоа:

- број на добиени одговори во редовна постапка;
- број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;
- број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер;
- број на барања по кои имателите молчеле;
- број на доставени жалби до имателите на информации од јавен карактер;
- број на жалби по кои е добиен одговор;
- просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка;
- просечен период на добивање на одговор во жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор.

*Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите.*

Добиените проценти се претвораат во оценка / боја утврдена со претходно развиена матрица за оценка, во која:

| | |
|---|---|
| 0 | ЦРВЕНО - ОЗНАЧУВА НЕТРАНСПАРЕНТНА ИНСТУЦИЈА |
| 1 | ЖОЛТО - ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНА |
| 2 | ЗЕЛЕНО - ТРАНСПАРЕНТНА |

## ЛЕГЕНДА НА ОЦЕНКИ

### НЕТРАНСПАРЕНТЕН

Нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата.

### ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН

Делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 - 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 - 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата.

### ТРАНСПАРЕНТЕН

Транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 - 1 % нецелосни одговори, 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесување на барањата.

## II. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА 2020 ГОДИНА

**Во 2020 година од вкупно оценувани 48 институции, речиси половина се соочуваат со одредени проблеми во постапувањето по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.** Односно, седум институции (14 %,) делумно го следеле Законот, а пак деветнаесет воопшто не го следеле (види табела 1). Значајно е да се напомене дека покрај оние што делумно или воопшто не обезбедиле информации, **има институции за кои оваа постапка не претставувала никаков проблем,** односно во целост го испочитувале Законот за слободен пристап до информации и тоа речиси половина од мониторираните институции *(види табела 1).*

Оценката укажува на **два клучни** проблеми кои доведуваат до тоа институциите да се нетранспарентни или пак да се делумно транспарентни, и тоа: необезбедување на никаков одговор во постапките за слободен пристап до информации (молчење) и значително надминување на законски утврдениот рок за обезбедување на информации.

**Просечниот период за обезбедување на информации** по поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер во 2020 година **изнесувал 21 ден.** Институција која во најкус рок доставила одговор на поднесено барање е Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" - Скопје (4 дена), додека институција која најмногу доцни со доставување на одговор на поднесено барање е Општата болница Куманово (114 денови).

Дополнително, и покрај тоа што и во 2020 година постојат институции кои делумно или пак воопшто не го почитувале Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, сепак и по 14 години се соочуваме со проблеми во заштитата на ова право, односно влијанието и постапувањето на заштитните механизми во државата. Имено, за добивање на одговор во 40 % од иницираните постапки за пристап до информации побарана е помош и поддршка од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, меѓутоа Агенцијата осигурала правично постапување кај 92 %. Во сите постапки за кои е побарана помош од Агенцијата е поради целосно молчење на институциите од кои е барана информацијата.

Институции кои **воопшто не доставиле одговор** и по поднесените жалби се општите болници „Борка Талески" од Прилеп и „Ферид Мурад" од Гостивар.

**Кога зборуваме за поединечните параметри по кои е спроведена оцената на институциите, резултатите укажуваат на следното:**

- во редовна постапка се добиени одговори на 451 барање (58 % од вкупниот број на барања);
- бројот на барања по кои институциите молчеле изнесува 329 (42 %);
- просечен број на добивање на одговор сметано од денот на поднесување на барањето изнесува 21 ден;
- просечен број на денови на донесување на решение по поднесена жалба сметано од денот на поднесување на жалбата изнесува 15 денови;
- додека просечниот број на денови на добивање на одговор сметано од денот на поднесување на жалбата изнесува 38 денови.

## **ТАБЕЛА 1.** Ранг-листа на институции од јавниот и од здравствениот сектор од аспект на нивната транспарентност и отвореност

### РЕАКТИВНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ во 2020 година вкупно 22 (46%)

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|---|
| **I.** | **Здравствени домови** |
| 1 | Здравствен дом Виница |
| 2 | Здравствен дом Куманово |
| 3 | Здравствен дом Пехчево |
| **II.** | **Центри за јавно здравје** |
| 4 | Центар за јавно здравје Штип |
| 5 | Центар за јавно здравје Охрид |
| 6 | Центар за јавно здравје Куманово |
| 7 | Центар за јавно здравје Кочани |
| 8 | Центар за јавно здравје Велес |
| 9 | Центар за јавно здравје Битола |
| **III.** | **Општи болници, институти** |
| 10 | Градска општа болница „8-ми Септември“ |
| 11 | Општа болница со проширена дејност – Кочани |
| 12 | Општа болница Велес |
| 13 | Општа болница Струга |
| 14 | Општа болница Кичево |
| 15 | Медицински факултет – Центар за семејна медицина |
| 16 | Специјална болница „13 Ноември“ |
| 17 | Институт за јавно здравје |
| **IV.** | |
| 18 | Министерство за финансии |
| 19 | Агенција за вработување на РСМ |
| 20 | Биро за јавни набавки |
| 21 | Централен регистар |
| 22 | Агенција за поддршка на претприемништвото |

### ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ во 2020 година вкупно 7 (14,5%)

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|---|
| **I.** | **Центри за јавно здравје** |
| 1 | Центар за јавно здравје Прилеп |
| 2 | Центар за јавно здравје Скопје |
| **II.** | **Општи болници и универзитетски клиники** |
| 3 | Универзитетска клиника за детски болести |
| 4 | Специјална болница за гинекологија и акушерство |
| **III.** | **Влада и министерства** |
| 5 | Влада на РСМ |
| 6 | Министерство за информатичко општество и администрација |
| 7 | Министерство за труд и социјална политика |

### РЕАКТИВНО НЕТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ во 2020 година вкупно 19 (39.5%)

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|---|
| **I.** | **Здравствени домови** |
| 1 | Здравствен дом Тетово |
| 2 | Здравствен дом Гостивар |
| 3 | Здравствен дом Гоце Делчев |
| 4 | Здравствен дом Скопје |
| 5 | Здравствен дом Штип |
| **II.** | **Институти и Центри за јавно здравје** |
| 6 | Центар за јавно здравје Струмица |
| 7 | Центар за јавно здравје Тетово |
| **III.** | **Општи, клинички болници** |
| 8 | Клиничка болница Битола |
| 9 | Општа болница „Борка Талески“, Прилеп |
| 10 | Општа болница со проширена дејност - Дебар |
| 11 | Општа болница Куманово |
| 12 | Општа болница Гостивар |
| 13 | Општа болница Гевгелија |
| 14 | Општа болница со проширена дејност - Кавадарци |
| 15 | Општа болница Струмица |
| 16 | Клиничка болница Штип |
| 17 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство |
| **III.** | **Фондови, министерства** |
| 18 | Фонд за здравствено осигурување |
| 19 | Министерство за здравство |

## III. ПРОМЕНИ ВО НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО ПЕРИОД ОД 2017 ДО 2020 ГОДИНА

**Во изминатите четири години постои континуиран тренд на опаѓање на респонсивноста на јавните институции,** што пак води кон зголемување на бројот на постапки за кои било потребно користење на воспоставените заштитни механизми *(види табела број 2).*

**Бројот на барања на кои е добиен одговор во редовна постапка во 2020 година е за 29 % понизок од оној од пред три години.** Односно, во 2020 година од вкупно 780 поднесени барања во редовна постапка, добиен е одговор на 451 барање или 58 %, што е за 22 % помалку во однос на 2019 и 2018 година, и за 29 % во однос на 2017 година *(види табела број 2).*

Со цел да ги обезбедиме бараните информации од инситутциите кои се соочуваат со проблем во постапувањето по Законот за слободен пристап до информации, иницирavме **329 жалбени постапки** и од кои речиси половина (42 %) се заради молчење на администрацијата. **Бројот на постапки во кои е прекршено правото на пристап до информации во 2020 година е зголемен за речиси четири пати во однос на претходните три години.** Во 2019 година потреба од заштита била потребна кај само 19 % од иницираните постапки, а во 2018 и 2017 година кај 13 %, односно 12 % респективно *(види табела број 2).*

За разлика од претходните три години, во 2020 година **се забележува напредок во постапувањето на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер,** која во 2017 година посредувала и не обезбедила ниту еден одговор по поднесена жаба, а пак во 2020 година обезбедила одговор на 92 % од поднесените жалби. Дополнително, за напредокот во постапувањето на Агенцијата зборува и фактот што во 2020 година просечниот број на денови за добивање на одговор по поднесена жалба изнесувал 17 денови, наспрема 150 денови во 2018 година. Исто така, во 2020 година се забележува и напредок во бројот на денови во кои Агенцијата ги спроведува постапките и донесува решение. Односно, во 2020 година просечниот број на денови на донесување на решение по жалбена постапка изнесува 15 денови, а пак во 2019 година изнесува 161 ден *(види табела број 2).*

**Подобрување во 2020 година** се забележува и во просечниот број на денови на постапување на јавните институции кои обезбедиле одговор на поднесено барање. Односно, во просек од 41 ден во 2017 година, бројот на денови на одговарање на барањата е намален на 21 ден во 2020 година *(види табела број 2).*

**ТАБЕЛА 2.** Сумарен приказ на поединечни параметри за оцена на нивото на реактивност кај јавните институции во 2020 година во однос на изминатите три години (2017 - 2019)

| ПОЕДИНЕЧНИ ПАРАМЕТРИ ↓ | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| Број на мониторирани институции | 48 | 89 | 72 | 65 |
| Број на поднесени барања | 780 | 2 173 | 1 037 | 1 338 |
| Број на добиени одговори во редовна постапка | 451 | 1 737 | 901 | 1 163 |
| Процент на добиени одговори во редовна постапка | 58 | 80 | 87 | 87 |
| Број на барања по кои е добиен некомплетен одговор | 0 | 3 | 98 | 7 |
| Број на одбиени барања/запрени постапки | 0 | 9 | 0 | 3 |
| Процент на одбиени барања од одговорени | 0 | 0,52 | 0 | 0,26 |
| Број на барања на кои институциите молчеле | 329 | 432 | 136 | 166 |
| Процент на барања по кои молчеле | 42,17 | 18,88 | 13,11 | 12,41 |
| Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од денот на неговото поднесување | 21 | 74 | 68 | 41 |
| Број на доставени жалби | 329 | 411 | 233 | 163 |
| Процент на испратени жалби од вкупниот број на испратени барања | 42 | 19 | 22 | 12 |
| Број на жалби по кои е добиен одговор | 304 | 75 | / | / |
| Процент на жалби по кои е добиен одговор | 92 | 18 | / | / |
| Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од поднесување на жалба поради незадоволство од одговор | 17 | 155 | 150 | / |
| Просечен број на денови на донесување на решение по поднесена жалба сметано од денот на поднесена жалба | 14 | 161 | / | / |

## IV. ПРОМЕНИ ВО НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2017 ДО 2020 ГОДИНА

Во 2020 година уназадување во нивото на реактивна транспарентност е забележано кај поголем број институции во однос на претходните години. Промената единствено се должи на скратување на законскиот рок за одговарање на поднесени барања од 30-40 на 20-30 денови, и зголемениот број на поднесени жалби, пред сѐ поради пречекорување на законски пропишаниот рок.

Институции што го почитувале Законот, односно доставиле одговор на сите барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во определениот законски рок и **преминале од нереактивно транспарентни во реактивно транспарентни** се: Општата болница Велес и Општата болница со проширена дејност – Кочани. Промената во нивото на реактивност во 2020 наспрема 2017 година се должи на доставување на одговори во редовна постапка.

**Две институции преминале од нереактивно транспарентни во делумно реактивно транспарентни** и тоа: Здравствен дом Тетово и Здравствен дом „Гоце Делчев" од Делчево. Промената во нивото на реактивност во 2020 наспрема 2017 година се должи на покрената жалбена постапка поради молк на администрацијата.

**Намалување на нивото на реактивна транспарентност** во 2020 година се забележува кај **шест (6)** институции кои преминале од **делумно во нереактивно транспарентни** и тоа: Здравствен дом Скопје, Здравствен дом Тетово, Здравствен дом Штип, Клиничка болница „д-р Трифун Пановски" од Битола, Клиничка болница Штип и Општа болница со проширена дејност од Кавадарци *(види анекс 1).*

Во 2020 година се идентификувани 18 институции каде што **не се бележи никаква промена во нивото на реактивната транспарентност. Оттука:**

- **Транспарентни институции остануваат:** Здравствен дом Виница, Здравствен дом Куманово, Здравствен дом Пехчево, Центар за јавно здравје Велес, Центар за јавно здравје Кочани, Центар за јавно здравје Куманово, Центар за јавно здравје Охрид, Општа болница - Струга и Агенција за вработување на РСМ *(види анекс 1).*
- **Реактивно нетранспарентни институции остануваат:** Општа болница „Борка Талески", Прилеп, Општа болница Куманово, Општа болница со проширена дејност - Гевгелија, Општа болница со проширена дејност - Дебар, Општа болница Струмица, Општа болница „Ферид Мурад", Гостивар, Центар за јавно здравје Струмица, Министерството за здравство и Фонд за здравствено осигурување на РСМ *(види анекс 1).*

## АНЕКС 1.

Приказ на нивото на реактивна транспарентност и промена во нивото на реактивна транспарентност за секоја институција што е предмет на следење за периодот од 2017 до 2020 година

# АНЕКС 1.

## Приказ на нивото на реактивна транспарентност и промена во нивото на реактивна транспарентност за секоја институција што е предмет на следење за периодот од 2017 до 2020 година

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Просечна оценка по институција 2020 | Просечна оценка по институција 2019 | Просечна оценка по институција 2018 | Просечна оценка по институција 2017 | 2020/2019 | 2020/2018 | 2020/2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I.** | **I. Здравствени домови** | | | | | | | |
| 1 | Здравствен дом Берово | ☆ | ★ red | ★ red | ★ green | / | / | / |
| 2 | Здравствен дом Битола | ☆ | ★ green | ★ yellow | ★ green | / | / | / |
| 3 | Здравствен дом Вевчани | ☆ | ★ green | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 4 | Здравствен дом Велес | ☆ | ★ green | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 5 | Здравствен дом Виница | ★ green | ★ green | ★ yellow | ★ green | = | ↑ | = |
| 6 | Здравствен дом Гостивар | ★ red | ★ yellow | ★ red | ★ yellow | ↓ | = | ↓ |
| 7 | Здравствен дом Делчево | ★ red | ★ yellow | ★ red | ☆ | ↓ | = | / |
| 8 | Здравствен дом Демир Хисар | ☆ | ★ yellow | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 9 | Здравствен Дом Железничар | ☆ | ★ green | ★ green | ★ red | / | / | / |
| 10 | Здравствен дом Кичево | ☆ | ★ red | ★ red | ★ red | / | / | / |
| 11 | Здравствен дом Кратово | ☆ | ★ yellow | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 12 | Здравствен дом Крива Паланка | ☆ | ★ yellow | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 13 | Здравствен дом Крушево | ☆ | ★ green | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 14 | Здравствен дом Куманово | ★ green | ★ green | ★ green | ☆ | = | = | / |
| 15 | Здравствен дом Македонски Брод | ☆ | ★ green | ★ yellow | ★ red | / | / | / |
| 16 | Здравствен дом Неготино | ☆ | ★ green | ★ red | ★ green | / | / | / |
| 17 | Здравствен дом Охрид | ☆ | ★ yellow | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 18 | Здравствен дом Пехчево | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | = | = | = |
| 19 | Здравствен дом Прилеп | ☆ | ★ red | ★ red | ★ red | / | / | / |
| 20 | Здравствен дом Пробиштип | ☆ | ★ yellow | ★ yellow | ★ green | / | / | / |
| 21 | Здравствен дом Радовиш | ☆ | ★ green | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 22 | Здравствен дом Ресен | ☆ | ★ yellow | ★ yellow | ★ green | / | / | / |
| 23 | Здравствен дом с. Ростуше | ☆ | ★ green | ★ yellow | ★ green | / | / | / |
| 24 | Здравствен дом Свети Николе | ☆ | ★ yellow | ★ yellow | ★ green | / | / | / |
| 25 | Здравствен дом Скопје | ★ red | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ↓ | = | = |
| 26 | Здравствен дом Струга | ☆ | ★ green | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 27 | Здравствен дом Струмица | ☆ | ★ yellow | ★ green | ★ green | / | / | / |
| 28 | Здравствен дом Тетово | ★ red | ★ yellow | ★ yellow | ★ green | ↓ | ↓ | ↓ |
| 29 | Здравствен дом Штип | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ↓ | ↓ | = |
| **II.** | **Универзитетски клиники, општи, клинички и специјалистички болници** | | | | | | | |
| 30 | ЈЗУ Универз. клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје | ☆ | ★ red | ☆ | ☆ | / | / | / |
| 31 | Клиничка болница "д-р Трифун Пановски" - Битола | ★ red | ★ yellow | ☆ | ☆ | ↓ | / | / |
| 32 | Клиничка болница Штип | ★ red | ★ yellow | ☆ | ☆ | ↓ | / | / |
| 33 | Општа болница - Струга | ★ green | ★ green | ☆ | ☆ | = | / | / |
| 34 | Општа болница 8-ми Септември Скопје | ★ green | ★ yellow | ☆ | ☆ | ↑ | / | / |
| 35 | Општа болница Борка Талески Прилеп | ★ red | ★ red | ☆ | ☆ | = | / | / |
| 36 | Општа болница Велес | ★ green | ★ red | ☆ | ☆ | ↑ | / | / |
| 37 | Општа болница Кичево | ★ green | ★ green | ☆ | ☆ | = | / | / |
| 38 | Општа болница Куманово | ★ red | ★ red | ☆ | ☆ | = | / | / |
| 39 | Општа болница Охрид | ★ red | ★ red | ☆ | ☆ | = | / | / |
| 40 | Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | ★ red | ★ red | ☆ | ☆ | = | / | / |
| 41 | Општа болница со проширена дејност - Дебар | ★ red | ★ yellow | ☆ | ☆ | ↓ | / | / |
| 42 | Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | ★ green | ★ red | ☆ | ☆ | ↑ | / | / |
| 43 | Општа болница со проширена дејност - Кочани | ★ red | ★ red | ★ red | ☆ | = | = | / |
| 44 | Општа болница Струмица | ★ red | ★ red | ☆ | ☆ | = | = | / |
| 45 | Општа болница Ферид Мурад Гостивар | ★ yellow | ★ green | ★ green | ☆ | ↓ | ↓ | / |
| 46 | Спец.болница по гинекологија и акушерство Мајка Тереза | ★ green | ☆ | ☆ | ☆ | / | / | / |
| 47 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | ★ red | ★ green | ★ red | ☆ | ↓ | = | ? |
| 48 | Универзитетска клиника за детски болести | ★ green | ★ yellow | ★ yellow | ★ green | ↑ | ↑ | = |
| 49 | Универзитетски институт за радиологија | ☆ | ★ red | ☆ | ☆ | / | / | / |

# АНЕКС 1.

## Приказ на нивото на реактивна транспарентност и промена во нивото на реактивна транспарентност за секоја институција што е предмет на следење за периодот од 2017 до 2020 година

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Просечна оценка по институција 2020 | Просечна оценка по институција 2019 | Просечна оценка по институција 2018 | Просечна оценка по институција 2017 | 2020/2019 | 2020/2018 | 2020/2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **III.** | **Институти и Центри за јавно здравје** | | | | | | | |
| 50 | Институт за јавно здравје | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ↑ | ↑ | = |
| 51 | Институт за микробиологија и паразитологија | ☆ | ★ (зелена) | ☆ | ☆ | / | / | / |
| 52 | Центар за јавно здравје Битола | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ↑ | ↑ | = |
| 53 | Центар за јавно здравје Велес | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ↑ | ↑ | = |
| 54 | Центар за јавно здравје Кочани | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ↑ | ↑ | = |
| 55 | Центар за јавно здравје Куманово | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | = | = | = |
| 56 | Центар за јавно здравје Охрид | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ↑ | ↑ | = |
| 57 | Центар за јавно здравје Прилеп | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ↓ | ↓ | ↓ |
| 58 | Центар за јавно здравје Скопје | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ☆ | = | = | / |
| 59 | Центар за јавно здравје Струмица | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | = | ↓ | ↓ |
| 60 | Центар за јавно здравје Тетово | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ↓ | = | ↓ |
| 61 | Центар за јавно здравје Штип | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | = | ↓ | = |
| **IV.** | **Останати здравствени установи** | | | | | | | |
| 62 | Завод за рехабилитација на слух говор и глас Битола | ☆ | ★ (зелена) | ☆ | ☆ | / | / | / |
| 63 | Завод за рехабилитација на слух говор и глас - Скопје | ☆ | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ☆ | / | = | / |
| 64 | Македонско лекарско друштво | ☆ | ★ (црвена) | ☆ | ☆ | / | / | / |
| 65 | Медицински факултет Скопје - центар за семејна медицина | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ☆ | ☆ | = | / | / |
| 66 | Управа за електорнско здравство | ☆ | ★ (жолта) | ☆ | ☆ | / | / | / |
| **V.** | **Министерства, агенции и фондови** | | | | | | | |
| 67 | Агенција за вработување на РСМ | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ↑ | ↑ | ↑ |
| 68 | Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ☆ | ☆ | ↑ | / | / |
| 69 | Генерален секретаријат на Влада на РСМ | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ☆ | ☆ | = | / | / |
| 70 | Министерство за внатрешни работи | ☆ | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ☆ | / | / | / |
| 71 | Министерство за економија | ☆ | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | / | / | / |
| 72 | Министерство за животна средина и просторно планирање | ☆ | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ☆ | / | / | / |
| 73 | Министерство за здравство | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | = | = | = |
| 74 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | ☆ | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | / | / | / |
| 75 | Министерство за информатичко општ. и администрација | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ☆ | = | ↑ | / |
| 76 | Министерство за култура | ☆ | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ☆ | / | / | / |
| 77 | Министерство за надворешни работи | ☆ | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ☆ | / | / | / |
| 78 | Министерство за образование и наука | ☆ | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ☆ | / | / | / |
| 79 | Министерство за одбрана | ☆ | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ☆ | / | / | / |
| 80 | Министерство за правда | ☆ | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ☆ | / | / | / |
| 81 | Министерство за транспорт и врски | ☆ | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ☆ | / | / | / |
| 82 | Министерство за труд и социјална политика | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ☆ | ↓ | ↑ | / |
| 83 | Министерство за финансии | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ↑ | ↑ | ↑ |
| 84 | Министерство за локална самоуправа | ☆ | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ☆ | / | / | / |
| 85 | Програма за развој на Обединетите нации | ☆ | ★ (црвена) | ☆ | ☆ | / | / | / |
| 86 | Фонд за здравствено осигурување на РСМ | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ☆ | = | ↓ | / |
| 87 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | ☆ | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ☆ | = | / | / |
| 88 | Централен регистар на РСМ | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ☆ | ☆ | ↑ | / | / |

ЛЕГЕНДА: „/" ☆ - Институцијата не била предмет на оценување во тековната година, или пак параметарот не можел да биде пресметан.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.